ОСНОВНИОТ СУД ВЕЛЕС како првостепен суд преку стечајниот судија Дара Арсова, постапувајќи по предлогот за отворање на стечајна постапка над имотот на должникот ТП ЦАРЕ ќебапчилница Никола Бојан Манев Велес, поднесен од должникот како предлагач, по одржаното рочиште за испитување на услови за отварање на стечајната постапка, во присуство на застапник по закон на предлагачот Никола Манев од Велес и привремениот стечаен управник Весела Петрулева од Велес, на ден 16.09.2024 година го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

СЕ ОТВОРА стечајна постапка над должникот ТП ЦАРЕ ќебапчилница Никола Бојан Манев Велес, со седиште на улица Благој Ѓорев ББ Велес, со единствен матичен број на субјектот 5426049, со единствен даночен број 5004990102965, со трансакциска сметка бр.200005947038 54 во Стопанска банка АД Скопје, со приоритетна дејност/главна приходна шифра 56.10 – Ресторани и останати објекти за подготовка и послужување на храна, па истата поради немање имот не се спроведува и СЕ ЗАКЛУЧУВА.

По правосилноста на решението должникот да се брише од Трговскиот регистар и регистарот на други правни лица кој го води Централниот регистар на Република Северна Македонија и другите регистри.

Решението да се објави во Службен весник на РСМ, на огласна табла и веб страница на судот и да се достави до Централен регистар на РСМ.

Трошоците на стечајната постапка ги поднесува предлагачот, а СЕ УТВРДУВААТ во вкупен износ од 25.000,00 денари.

О б р а з л о ж е н и е

До овој суд од страна на должникот ТП ЦАРЕ ќебапчилница Никола Бојан Манев Велес како предлагач, поднесен е предлог за отворање на стечајна постапка над должникот. При претходно испитување на предлогот во смисла на чл.53 ст.1 од Законот за стечај судот најде дека кон предлогот се доставени потребните докази за да може да се постапува по истиот.

Предлагачот достави доказ дека на ден 24.06.2024 година има извршено уплата на аванс за покривање на трошоците на претходната постапка во износ од 25.000,00 денари, а во смисла на чл.53 ст.3 од Законот за стечај.

Со решение СТ.бр.9/24 од 01.07.2024 година судот поведе претходна постапка над стечајниот должник, закажа рочиште поради изјаснување по предлогот за отворање на стечајна постапка, именуваше привремен стечаен управник и истовремено го задолжи да изготви писмен извештај за економско-финансиската состојба на должникот и да испита дали се исполнети условите за отворање на стечајна постапка, односно дали должникот е неспособен за плаќање и дали има имот кој е доволен за спроведување на стечајната постапка и намирување на трошоците на стечајната постапка и побарувањата на доверителите.

На одржаното рочиште предлагачот наведе дека останува кон предлогот кој што го има доставено до судот, бара стечајната постапка да се отвори поради што должникот е блокиран повеќе од со закон утврденото време а како истиот нема имот од кој што би можело да се формира стечајна маса, истата да се заклучи. Извештајот од привремениот стечаен управник го има примено и нема никакви забелешки на истиот.

На рочиштето за испитување на услови за отворање на стечајна постапка, привремениот стечаен управник наведе дека врз основа на анализата на податоците по прибавената докумнтација констатирала дека должникот не располага со имот, опрема и инвертар, залиха на роба, нема акции и удели во други друштва ниту пак воспоставен залог. Во однос на имотната состојба според потврдата од СВР Велес должникот како физичко лице поседува две моторни возила подолг период нерегистрирани, па од увид на лице место и од анализата на податоците за моторните возила констатирала дека истите не постојат на лице место, се расходовани и доколку би постоеле на лице место не би имале никаква пазарна врендост. Должникот подогл период не обавува дејност

поточно од 2019 година до денес, не остварува ни приходи ни расходи, нема актива од кои би moлежо да се формира стечајна маса. До ЦР и УЈП доставувал годишни сметки заклучно до 2020 година, а од тогаш до денес воопшто нема доставувано годишни сметки па од тие причини не располага со книговотствена документација. Истиот е евидентиран со статус неактивен, жир-осметката е блокирана од 2010 година па наваму во континуитет и тоа по основ на решенија за присилна наплата издадени од страна на УЈП. Должникот има обврски во вкупен износ од 919.642,00 денари и истите се однесуваат за придонеси за осигурување и комунална такса. На денот на денешното рочиште кај должникот е вработено овластеното лице. Со оглед на ваквата ситуација а како должникот и основачот лично не поседуваат никаков имот и не постојат услови за понатамошно работење предлага на судот стечајната постапка на должникот да се отвори истата да не се спроведува и да се заклучи.

Од наводите на должникот и привремениот стечаен управник, како и изведените докази на рочиштето за испитување на услови за отворање на стечајна постапка и тоа од увид во тековна состојба за должник од 15.05.2024 година на ЦР на РСМ, потврда за стечајна постапка од 15.05.2024 година а ЦР на РСМ, потврда од 20.05.2024 година на ЦР на РСМ, изјава од 12.09.2024 година со УЗП бр. 6359/2024 на Нотар Радица Хаџи Петрушева Арсовска од Велес, изјава - извештај за економско финасиска состојба од 11.09.2024 година со УЗП бр. 6358/2024 на Нотар Радица Хаџи Петрушрва Арсовска, потврда за издадена информација од Заложен регистер од 12.09.2024 година на ЦР на РСМ, потврда за издадена информација од Регистер за лизинг од 12.09.2024 година на ЦР на РСМ, известување од ЦР на РСМ регистер на годишни сметки од 12.09.2024 година, уверение од 29.08.2024 година на АКН, уверение од 29.08.2024 година на АКН , потврд од 20.08.2024 година на ЦДХВ АД Скопје, потврда од 20.08.2024 година на ЦДХВ АД Скопје, уверение за состојба на даноци, придонеси и други јавни приходи и давачки од 13.08.2024 година на МФ УЈП РД Прилеп ДО Велес, потврда од 01.08.2024 година за правното лице и потврда од 05.08.2024 година за одговорното лице издадени од МВР Велес, извештај за состојба на сметка на имател на сметка од 20.08.2024 година на Стопанска банка АД Скопје со прилог преглед на блокади, биланс на приходи ии расходи за 2020 година, биланс за приходи и расходи за 2019 година, извештај за економско финасиска состојба на должникот изготвен од привремен стечаен управник, па по нивна севкупна оцена судот го утврди следното:

Должникот ТП ЦАРЕ ќебапчилница Никола Бојан Манев е субјект во приватна сопственост, со организационен облик 05.9- трговец поединец. Стечајниот должник основан е на ден 01.10.1990 година. Големината на стечајниот должник е микро субјект. Сопственик и одговорно лице на должникот Манев Никола од Велес. Приоритетна дејност на должникот е 56.10- Ресторани и останати објекти за подготовка и послужување на храна.

Должникот ТП ЦАРЕ Велес има доделено ЕДБ 5004990102965 и ЕМБС 5426049. Финансиското работење должникот го вршел преку жиро сметка во Стопанска Банка АД Скопје, со транакциска сметка бр. 200001594703854. Според Потврда издадена од Централен регистар на РСМ РРК Велес бр. 0816-20/3 од 20.05.2024г Должникот има Статус: Неактивен. Неговата трансакциска сметка е со непрекината блокада повеќе од 45 дена.

Според Образец - Извештај за состојба на сметка на имател на сметка (солвентност) издаден од Стопанска банка АД Скопје од 20.08.2024 година состојбата на сметката на должникот е со салдо 1.288,оо денари , со неподмирени обврски во износ од 919.642,00 денари. Сметката е блокирана од 04.05.2010 година. Според прегледот на блокади на трансакциската сметка на должникот блокадата на должникот произлегува од Решенија од УЈП по основ на присилни наплати. До денот на работењето нема никаков прилив на сметките и други релевантни податоци за работење на правниот субјект.

Во однос на имотната состојба на стечајниот должник ТП – ЦАРЕ-ќебапчилница Никола Бојан Манев ТП Велес според потврдата издадена од Агенцијата за катастар на недвижности бр.1108- 227/2024 од 29.08.2024 година должникот не е запишан како носител на право на недвижности во катастарот на недвижности за катастарски општини чие одржување е во надлежност на Агенцијата за катастар на недвижности.

Во однос на имотната состојба на сопственикот и одговорното лице на стечајниот

должник Манев Никола од Велес, според потврдата издадена од Агенцијата за катастар на недвижности бр.1109-225/2024 од 29.08.2024 година, сопственикот не е запишан како носител на право на недвижности востановен за катастарски општини чие одржување е во надлежност на агенцијата за катастар на недвижности.

Според потврда на Министерството за внатрешни работи на РСМ - Отсек за управни работи Велес заверена под бр. 12.1.6-7/345 од 01.08.2024 година, правното лице ТП ЦАРЕ ќебапчилница Никола Бојан Манев со ЕМБС 5426094 и ЕДБР 5004990102965 седиште на ул. Благој Ѓорев бб, правното лице не поседува моторни возила.

Според потврда на Министерството за внатрешни работи на РСМ - Отсек за управни работи Велес заверена под бр. 12.1.6-7/342 од 01.08.2024 година физичкото лице Манев Никола во правното лице ТП ЦАРЕ ќебапчилница Никола Бојан Манев Велес, не било константирано дека физичкото лице поседува моторни возила и тоа ПМВ RENAULT 4 со рег. ознаки VE 323 BG ,марка со бр. на шасија 6804042, произведено во 1982 година СФРЈ и регистрирано до 29.07.2001 година, ПМВ RENAULT 4 со рег. ознаки TV- 330 AJ, марка со бр. на шасија 5642807, произведено во 1977 година СФРЈ и регистрирано до 05.04.1977 година.

Според потврда издадена од Министерство за финасии УЈП – РД Прилеп – даночно одделение Велес, заведена со бр. 30-32-3/260 од 13.08.2024 година должникот-предлагач има пријавено, а неплатени обврски со состојбатата на денот на издавање на потврдатат по основ на данок на личен доход износ од 32.182,00 денари на име главен долг и износ од 11.638,00 денари на име камата, придонеси за за социјално осигурување износ од 356.199,00 денари на име главен долг , трошоци во постапка за присилно извршување износ од 4.415,00 денари на име главен долг и износ од 228,00 денари и радиодифузна такса изос од 14.610,00 денари на име главен долг.

Според Потврда издадена од Централниот депозитар за хартии од вредност заведена со број 08-3022/2 од 20.08.2024 година, лицето ТП ЦАРЕ – ЌЕБАПЧИЛНИЦА Никола Бојан Манев Велес, не е видентиран како носител на правото за хартии од вредност.

Според Потврда издадена од Централниот депозитар за хартии од вредност заведена со број 08-3027/2 од 20.08.2024 година, физичкото лице Никола Манев Велес, со ЕМБГ 2610960480015 не е видентиран како носител на правото за хартии од вредност.

Според Потврда за издадена информација од Заложен регистар од 12.09.2024 година, стечајниот должник не е најден во ниеден регистриран документ.

Од страна на сопственикот и одговорното лице на должникот ТП ЦАРЕ ќебапчилница Никола Бојан Манев, Никола Манев од Велес дадена е Изјава и извештај за економско финасиската сосотјба заверена на Нотар под бр. УЗП број 6358/2024 од 12.09.2024 со кој наведува дека предлагачот е основано на ден 01.10.1990 година со дејност на работрење 56.10- Ресторани и останати објекти за подготовка и послужување на храна. Дејноста ја обавувал во сопствен деловен простор, кој сега е рушен, поточно не постои. Предлагачот и лично основачот не располагаат со никаков недвижен имот, опрема и инвентар, немаат побарувања од купувачи, никава залиха на роба, а имаат обврски по основ на несиплатени плати и придонеси. Жиро/ската на должникот поради немање услови за понатамошно работење и немање на приход е блокирана повеќе од 45 дена. Од тие причини е неспособен за плаќање и е инсловентен. До централниот регистар досатавувал годишни сметки заклучно со 2020 година. Од тогаш до денес нема доставувано никакви годишни сметки, па од тие причини и не располага со книговодствена документација.

Овластеното лице на должникот Манев Никола достави изјава заверена на нотар под УЗП бр. 6359/2024 од 12.09.2024 година со која под полна морална, материјлана и кривична одговорост изјавува дека патничкото монторно возило RENAULT 4 со рег. ознаки VE 323 BG, со бр. на шасија 804042, произведено 1982 година, СФРЈ и регистрирано до 29.07.2001 година и патничкото моторно возило RENAULT 4 со рег. ознаки TV 330 AJ, со бр. на шасија 804042, произведено 1997 година, СФРЈ и регистрирано до 05.04.1997 година, се водат на него како физичко лице и не се одјавени од системот на АОП при ОУР Велес. Од причина што не биле во возна состојба, истити биле расходовани, хаварисани, па разглобени на делови, па некаде во период од 2000 –

2004 година ги продал во отпад како старо железо за паричен надомест од 20.000,оо денари. Овој износ бил употребен за покривање на материјални трошоци на ТП ЦАРЕ – Велес.

Според извештајот на привремениот стечаен управник, должникот не располага со никаков имот, опрема и инвентар, залиха на роба. Нема акции и уддели во други друштва, нема воспоставено залог по ниеден основ. Што се днесува до моторните возаила опишани во потвдата од МВР- ОУР – Велес истите не постојат, а и доколку би постоеле денес не би имале никаква пазарна вредност. Должникот подолг период не обавува дејност поточно од 2019 година до денес, па од тие причини нема остварено ниту приходи ниту расходи, поточно нема актива од кои би можело да се формира стечајна маса. Од увид во книговодствената документација должникот до надлежните институции ЦР на РСМ и УЈП доставувал годишни с/ки до 2020 година, а за периодиот од 2021-2023 година воопшо нема доставено годишни сметки, па од тите причини и не располага со никава книговодствена документација. Во централниот регистар е евидентиран со статус неактивен. Жиро/ската на должникот е блокирана подолг период, односно од 2010 година па наваму во континуитет, видно од Извештајот за состојбата на сметката што значи дека должникот подолг период е инсолвентен и неспособен за плаќање. Должникот обврските за придонеси за задолжително социјално осигурување не ги подмирувал редовно, како и денес, за што и е блокиран со Решенија за присилна напката издадено од страна на УЈП. На денот на изготвување на извештајот кај должникот вработено лице е овластеното лице. Деловниот простор не постои, испразнет е од луѓе и ствари. Според податоците од расположивата документација и увидот на лице место смета дека должникот и лично основачот немаат имот, нема побарувања од купувачи, не располага со никава залиха на роба кои би влегле во стечајна маса и би се намириле доверителите и трошоците на постапката. Должникот има обврски во вкупен износ од 919.642,00 денари и истите се однесуваат како неподмирени обврски за придонеси за задолжително и социјално осигурување и комунална такса. Истиот е нерентабилен и неспособен за плаќање, поради што жиро/ската на должникот е блокирана подолг период. Му предлага на судот стечајната постапка на должникот ТП ЦАРЕ ќебапчилница Никола Бојан Манев Велес да се отвори и истата да не се спроведува и поради немање на имот да се заклучи согласно чл. 68 од Законот за стечај.

При вака утврдената состојба следуваше судот да го усвои предлогот на предлагачот и да одлучи како во изреката на решението од следните причини:

Согласно чл.51 ст.3 од Законот за стечај, предлог за отворање на стечајна постапка над имотот на должникот -правно лице, во име на должникот, може да поднесе секое лице овластено за застапување на правното лице по закон, како и секој ликвидатор.

Во овој случај предлогот за отворање на стечајна постапка е поднесен од страна на должникот преку овластено лице-управителот Никола Манев кој видно од Тековна состојба издадена од Централниот Регистар на РСМ во време на поднесување на предлогот за отварање на стечајна постапка е запишан како овластено лице за застапување на должникот со неограничено овластување.

Според чл.68 ст.1 од Законот за стечај, доколку по спроведената претходна постапка привремениот стечаен управник утврди дека се исполнети условите за отворање на стечајна постапка, меѓутоа истата не може да се спроведе поради тоа што должникот нема имот или имотот кој би влегол во стечајната маса е недоволен и за намирување на трошоците на таа постапка, или е со незначителна вредност, стечајниот судија носи решение за отворање на стечајна постапка и нејзино заклучување и наложува бришење на должникот од регистарот во кој е запишан. Во овој случај стечајната постапка не се спроведува.

Во конкретниот случај од утврдената состојба по однос на состојбата на имотот на должникот која произлегува од увид во изведените докази на рочиштето за испитување на условите за отварање на стечајна постапка, а особено од Извештајот за финансиско-економската состојба на должникот изготвен од привремениот стечаен управник на должникот, судот ја утврди основаноста на наводите за инсолвентност на должникот и непостоење на имот кој би влегол во стечајната маса заради намирување на доверителите, ниту за покривање на трошоците на стечајната постапка, при што во

конкретниот случај судот утврди дека станува збор за презадолжен правен субјект со лоша финансиска состојба, без можности истата да се надмине, па спроведувањето на стечајната постапка не би ја постигнало целта на колективно намирување на доверителите на стечајниот должник.

Со оглед дека судот недвосмислено утврди дека се исполнети законските претпоставки за отворање на стечајна постапка над должникот, но истовремено истата не може да се спроведе од причина што не постои должников имот што би влегол во стечајна маса и кој би бил доволен и за намирување на трошоците на стечајната постапка, по спроведување на претходната постапка следуваше да одлучи како во изреката на решението, согласно чл.68 ст.1 од Законот за стечај, врз основа на која одредба в.в. и со ст.4 од истиот член и закон, судот наложи и бришење на должникот од регистарот во кој е запишан, по правосилноста на решението.

Одлуката на судот за објавување на решението во Службен весник на РСМ, на огласна табла и веб страница на судот и доставување до Централен регистар на РСМ судот ја донесе врз основа на чл.68 ст.2 од Законот за стечај.

Согласно чл.53 ст.5 од Законот за стечај, уплатениот аванс влегува во трошоците на стечајната постапка. Според тоа, судот ги утврди трошоците на стечајната постапка предизвикани во тек на претходната постапка во вкупен износ од 25.000,00 денари, а кои се однесуваат на: користење на сопствено возило на релација Велес-Скопје-Велес износ од 4.800,00 денари, две објави во Сл. весник на РСМ износ од 300,00 денари, нови дополнителни потврди износ од 4.000,00 денари, материјални трошоци износ од 2.000,00 денари и награда за привремен стечаен управник износ од 13.900,00 денари.

ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС, СТ.бр.9/2024 од 16.09.2024 година

Стечаен судија
Дара Арсова

ПРАВНА ПОУКА:
Согласно чл.68 ст.4 од Законот за стечај, против ова решение доверителите имаат право на жалба во рок од 8 дена од денот на објавувањето во Сл.Весник на РСМ, преку овој суд до Апелациониот суд Скопје.
Согласно чл.12 ст.8 в.в. ст.1 од Законот за стечај, жалбата не го задржува извршувањето на решението.

ДН: предлагач – преку полномошник
привремен стечаен управник Весела Петрулева од Велес
ЦР на РСМ Велес
огласна табла и веб сајт на судот
ОЈО Велес
МВР Велес
УЈП РД Прилеп
Нотари извршители за град Велес

по правосилноста:
Стопанска Банка АД Скопје